**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,56 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници, ве молам, да оддадеме последна почит со едно минутно молчење на починатиот прв премиер на Република Македонија, господин Никола Кљусев.

Дами и господа пратеници поради настанатата ситуација со смртта на нашиот пријател и голем државник на координцијата која штотуку заврши со сите пратенички групи заклучивме дека денес нема да држиме пленарна седница со тема како што беше закажана, пратенички прашања.

Утре ќе одржиме комеморативна седница на која ве поканувам во 10,30 часот. После таа седница ќе направиме уште една координација да извршиме прераспределба на нашата програма и да ги закажеме овие теми кои сега денес и утре нема да ги разгледуваме.

Ви благодарам на вниманието.

(Седницата заврши во 11,58 часот)